Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 27-02-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 10 | 1346 | | |


**До Наставно-научниот совет на**
**Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески“ – Скопје**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на својата осумдесет и четврта редовна седница одржана на 15.2.2023 година избра Рецензенската комисија за оценка на магистерскиот труд под наслов „Новото во македонската книжевност за деца“ изработен од Марија Марковска во состав:

1. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, редовен професор
2. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, вонреден професор
3. д-р Трајче Стамески, вонреден професор

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба имаме чест да го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Магистерскиот труд „Новото во македонската книжевност за деца“ изработен од Марија Марковска опфаќа 108 страница текст, напишан со фонтот Arial, со големина на знаците 12 и стандарден проред од 1,5. Трудот е поделен на 15 (петнаесет) поглавја, тргнувајќи од „Вовед – Што претставува книжевноста за деца?“, па сè до „Заклучок – како крај на едно патешествие“ и „Користена литература“.

Магистрантката Марија Марковска провокативниот импулс за оваа истражувачка задача го најде во потребата да го детектира и да го истражи **новото** (автори, теми, проблеми, мотиви) во **македонската книжевност за деца**. Кандидатката тргна од сознанието дека „Литературата за деца има моќ да трансформира, да ги промени ставовите и да помогне да се надминат предрасудите и стереотипите, истовремено создавајќи свест за толерантност и хуманост.“, како и од ставот дека „Низ целата човечка историја, приказните биле често користени како медиум за пренесување на етиката, вредностите и општествената одговорност.“. Истражувачкиот сенс на магистранката за оваа тема се разви од сознанието дека на детето треба да се гледа како обновувач на една заедница и во тој контекст и на фактот дека на тоа дете не смее да се гледа како на несериозен читател. Предметот на истражувањето во овој труд се насочи кон најновите книжевни дела на авторите: Николина Андова-Шопова, Бистра Георгиева, Ана Голејшка-Џикова, Марија Костадиновска, Калина Малеска, Владимир Мартиновски, Оливера Ќорвезироска и Билјана С. Црвенковска, автори чиј сегашен интерес е насочен кон светот на децата и младите. Предизвик за магистрантката беше и тоа што нема вистински критички одгласи, ниту сериозни научно-истражувачки студии за (нај)новата македонската книжевност за деца.

Трудот се отвора со три воведни поглавја во кои магистрантката става акцент на дефинирањето на книжевноста за деца со посебен осврт на сказната како еден непресушен извор од која се развива и книжевноста и книгата за деца. Третото поглавје е едно кратко навраќање кон развојот на македонската

книжевност за деца и тоа се чита како влез во она што е суштина на целокупната истражувачка работа во овој магистерски труд. Овие три поглавја се поткрепени и со цитатност позајмена од автори што ја проследуваат и поетиката на сказната и поетиката на литературата за деца, автори кои и потоа во нејзината анализа суптилно се појавуваат (Проп, Бетелхајм, Тодоров, Фројд, Идризовиќ, Друговац, Владова, Димова, Спасевски, Анастасова-Шкрињариќ, Прокопиев, Мојсова-Чепишевска, Тодорова, Ивановска). Од четвртото па натаму секое наредно поглавје опфаќа еден нов наслов од најновата продукција на македонската книжевност за деца.

Кандидатката Марија Марковска своето книжевно-научно патување и истражување го започнува со неколку книги-сликовници. Поглавјето „Лиска вредната добродетелка во шумата" се однесува на „Лисичката плетачка" од Ана Голејшка-Цикова која за кандидатката Марковска се покажува како исклучителен познавач на детската фантазија и детскиот свет и која преку ликот на лисицата успева да пренесе морални пораки наменети за младиот читател или слушател. „Симболот на животното кое има способност да говори и да има човечки особини, се задржува и денес, во најновата македонска книжевност за деца. Денешните, нови приказни за деца имаат цел да го поучат детето-читател преку идентификација на детето-читател со ликот на животното.", заклучува кандидатката (2022: 12). Кај кандидатката Марковска секогаш има подготвеност пишувајќи за новите наслови да успее да најде некаков спој со некои претходни книги, приказни. Така кога пишува за вредната и дарежлива плетачка во шумата на Голејшка-Цикова, тргнува од искуството што некои претходни деца го имале додека ја читале стихуваната приказна за глувчето Мице од Ванчо Николески, или пишувајќи за „Лепчето што расте" од Голејшка-Цикова, повторно се повикува на Ванчо Николески, но овој пат на неговата поема „Воденичарот дедо Веле".

По двете книги-сликовници на Голејшка-Цикова, магистрантката Марковска, своето истражување го продолжува со авторката Бистра Георгиева и нејзината сликовница-книга „Приказна за Ото, Ото и Ото" каде потрагата за сопственото Јас е во преден план, а сказноликоста доминира. И овој пат кандидатката оваа книга ја става во дијалог со некој претходна како книгата на Киро Донев „Збркана сказна". Зашто и таму, како и во оваа на Георгиева „сказноликите елементи се токму, претставени преку ликовите на нејзините придружници (животните и предметите) што имаат човечки особини и зборуваат за другарството, вредноста и искреноста" (Марковска, 2022: 23). Темите кои ги открива оваа приказна за бувчињата со исти имиња се: осознавањето на различноста и потребата од промена на идентитетот. И така од ова истражување за трите истоимени бувчиња, Марковска темата за различноста и особено за прифаќањето на различностите ја проследува преку „Кртот Ѕвездан" од Николина Андова-Шопова (стихувана приказна за кртот што копнее по светлина).

Појдовна точка за поимот музикалност во македонските песни за деца се имињата на Васил Куноски и Стојан Тарапуза. И додека поезијата на Васил Куноски е поезија со цврста метафоричка форма, рима, некој благ романтизам на мотивско-изразната структура, со спонтана и мека наративност, песната на Тарапуза се одликува со шареноликост и музикалност кои го создаваат и претставуваат светот на детето. „Музикалноста и звучноста, хуморот и играта на стихот на Куноски и Тарапуза, како елементи се задржуваат во македонската книжевност за деца, од која црпат инспирација и денешните поети.", заклучува Марковска (2022: 36) и на ова го надоврзува своето истражување на двете книги

за деца „Шах со Бах“ и „Хор во задниот двор“ од Владимир Мартиновски и покажува како и на детето може да му се воочи преплетеноста на книжевноста, музиката и сликарството и низ игра и песна да му се (про)дадат, понудат повеќе енциклопедиски информации за великаните на уметностите.

Наредниот блок поглавја третира книги за деца кои на некој начин ја продолжуваат одисејата на популарните македонски детски ликови како Зоки Поки или Орхан. Во тој контекст растењето или созревањето како клучен чин на детството, па и себепронаоѓањето, но и прашањето: „Мора ли да пораснам?“ стануваат инспиративна тема во повеќе нови книги за деца. Ова е поттик кандидатката Марија Марковска да ги исчита и да даде свое толкување на книгите:

„Кифличката Мирна“ и „Мојот брат од тринаесеттиот кат“ од Оливера Ќорвезироска

„Вистинска приказна за двете соседни кралства“ и „Волшебните прегратки“ од Марија Костадиновска

„Супервештерката, мачката и шесте волшебни колачиња“ од Биљана С. Црвенковска и

„Арно ама“ од Калина Малеска.

Нејзините анализи се свежи, иновативни, промислени и оригинални при што се покажува како добар толкувач на скриените пораки во книгите за деца.

Во заклучокот таа истакнува дека „Ликот на глувчето Мице, на палавиот Зоки-Поки, на Шеќерното дете се ликови-родоначалници на македонската книжевност за деца, кои не смеат да бидат непрочитани и неинтересни за детето-читател. Тие го симболизираат почетокот на нашата книжевност за деца, без кои денешната книжевност би била неинвентивна и пуста.“ (2022: 100). Но ја истакнува и потребата од пишување, создавање нови приказани, нови јунаци. Зашто и таа се согласува со констатацијата дека „Приказната има голема и значајна моќ врз развојот на детето-читател, па затоа не треба да биде ограничена и сведена врз нејзината дидактичност. Таа има образовно-воспитна функција и улога, но и естетска функција при што создава бранување на фантазијата со имагинацијата на детето-читател. На овој начин се создава еден вид воведување на детето во светот на возрасните т.е. во реалниот свет, при што детето-читател ќе биде подготвено, храбро и исполнето со мудрост.“, заклучува Марковска (2022: 102)

Целта на трудот поставена при пријавата на темата кандидатката успева да ја постигне и да даде вистински одговор на дилемата: Дали детето е подготвено за ваквата литература што ја нудат нашите автори, дали овие теми и мотиви се интересни и провокативни за него или пак, литературата е онаа која што треба го следи (и го следи) детето и неговите потреби и задоволства? Марковска вака поентира: „Одговорот на прашањето: Дали детето е подготвено за ваквата нова литература што ја нудат нашите писатели, дали овие теми и мотиви се интересни и провокативни за него или пак, литературата е онаа која што треба да го следи детето и неговите потреби и задоволства?!, е краток и прецизен: Да! Овие писатели се одликуваат со **зголемена игривост, зачуденост, фантастичност, но и реалистичност во нивната приказна.**“ (Марковска, 2022: 101)

Трудот се затвора со делот Библиографија (15-108) во кој е приложен солиден **список на библиографски единици** (теориско-критички, како и интернет извори, кирилични и латинични) што се користени и цитирани при разработката на темата. Особено е впечатлив бројот на апликативни единици кој изнесува 12 книги за деца.

## ЗАКЛУЧОК

Магистерскиот труд „Новото во македонската книжевност за деца“ изработен од Марија Марковска е сосема автентично и самостојно истражување, добро структурирано и организирано, така што претставува солидно **проучување и на полето на современата македонска книжевност и култура и на полето на македонска книжевност за деца**. Целта на трудот, поставена уште во периодот на пријавувањето на самата тема (да се открие што е тоа ново во македонската книжевност за деца и колку таа на некој начин ги следи европските и светските трендови, но и колку го следи новото, современото дете) сметаме дека е ефектно постигнато. Искрено се надеваме дека овој труд ќе даде убав импулс за нови истражувања на полето на книжевноста за деца. Но и дека ќе поттикне интерес и љубопитство за критика на ваквата книжевност, но и повик за похрабро пишување на книжевност за деца заради нејзината важност во развојот на детето, како и за целокупната култура и општество.

Имајќи го предвид сето погоре кажано, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го прифати овој извештај на Рецензенската комисија и да допушти усна одбрана на магистерскиот труд „Новото во македонската книжевност за деца“ изработен од магистрантката Марија Марковска.

Скопје, 27.2.2023

Рецензенска комисија:

1. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, редовен професор

2. Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, вонреден професор

3. д-р Трајче Стамески, вонреден професор